Машински факултет
Број 08-2069/3
25.11.2019 год.
Скопје

Врз основа на член 163 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ број 82/2018), член 53 став 2 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник број 411/2018), како и Одлуката на Наставно-научниот совет за утврдување на потреба од демонстратори број 02-2069/2 од 31.10.2019 година, Деканот на Машинскиот факултет во Скопје распишува интерен

# О Г Л А С

за избор на демонстратори во учебната 2019/2020 година

**I**. Се распишува оглас за избор на **3 демонстратори**, како помошници во наставно-образовниот процес на прв циклус студии **во учебната 2019/2020 година**, и тоа:

Во Институт за машински конструкции, механизациони машини и возила:

| | |
|---|---|
| **1.** За предмети од областа на конструирање | 1 демонстратор |
| **2.** За предмети од областа на моторни возила | 1 демонстратор |
| **3.** За предмети од областа на транспорт, механизација и логистика | 1 демонстратор |

**II**. Кандидатите за демонстратори треба да ги исполнуваат следниве услови:

- да се студенти на втор циклус студии запишани на соодветна студиска програма (за точка I.1. на студиската програма Индустриски дизајн и маркетинг, за точка I.2. на студиската програма Моторни возила и за точка I.3. на студиската програма Транспорт, механизација и логистика);
- да имаат завршено прв циклус студии или додипломски студии со просечна оценка од најмалку 8,00 (осум);
- да се оценети со оценка од најмалку 8,00 (осум) за значаен предмет од прв циклус студии (точка I.1. за предмет од конструирање, точка I.2. за предмет од моторни возила и точка I.3. за предмет од механизација и логистика);
- да имаат две препораки од наставници во Институтот за машински конструкции, механизациони машини и возила и истакнато етичко поведение и однесување.

**III**. Демонстраторот во вршење на наставнообразовниот процес на Факултетот ќе учествува со минимална ангажираност од 6 часови, односно максимална ангажираност од 12 часови седмично.

**IV. Документи за пријавување:**

- пријава на оглас (во пријавата задолжително да се наведе домашна адреса и број на телефон за контакт и e-mail);
- потврда за запишан втор циклус студии во учебната 2019/2020 година на соодветната студиска програма;
- уверение за завршен прв циклус студии и положени испити;
- две препораки од наставници во Институтот за МКММВ;
- кратка биографија (CV).

**V. Документите се предаваат во архивата на Факултетот.**

**VI. РОК за поднесување пријава и документи: 25 - 29 ноември 2019 година.**

Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев